Република Македонија
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
Бр. 01-2061/1
18.04.2018 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Државен управен инспекторат

# П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државен управен инспекторат

*С к о п ј е*

*Април, 2018 година*

ДУИ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр 11/2018) Директорот на Државниот управен инспекторат донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот управен инспекторат број 03-283/2 од 29.11 .2016 и 03-310 од 05.12.2017 година и тоа:

Во глава II, член 8-РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ (ИНСПЕКЦИСКИ И ДРЖАВНИ) СЛУЖБЕНИЦИ, во делот на посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од **категоријата Б4 се бришат деловите:**

-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Во глава II, член 8 став (2) РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ (ИНСПЕКЦИСКИ И ДРЖАВНИ) СЛУЖБЕНИЦИ, во делот на Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници за стручните државни службеници **од категоријата В се бришат деловите:**

-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Во глава II, член 8 став (3) РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ (ИНСПЕКЦИСКИ И ДРЖАВНИ) СЛУЖБЕНИЦИ, во делот на посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за помошно - стручни административни службеници од **категоријата Г се бришат** деловите:

ДУИ

-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

## Член 2

Во глава II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ (ИНСПЕКЦИСКИ И ДРЖАВНИ) СЛУЖБЕНИЦИ, член 8 став 1, став 2 и став 3, во делот на посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за сите нивоа се додава следниот текст:

-Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

## Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Инспекциски совет и Министерство за информатичко општество и администрација.

ДИРЕКТОР

Фаница Николоска

Изработил: Божидар Секуловски